Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

11-5296/2
23. 11. 2023

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/201699/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22), постапувајќи по барањето на Сектор за ИПА за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број 21-5296/1од 15.09.2023 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

# РЕШЕНИЕ
## За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина од Септември 2023 година, изготвен од страна на ДТКУ "ЕКО МОЗАИК" ДООЕЛ од Скопје, за проект: Пречистителна станица за собирање и третман на отпадни води, во општина Штип, за потребите на инвеститорот Министерство за животна средина и просторно планирање.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на пречистителната станица за собирање и третман на отпадни води, во општина Штип, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**Образложение**

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Пречистителна станица за собирање и третман на отпадни води, во општина Штип, за потребите на инвеститорот Министерство за животна средина и просторно планирање.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот Пречистителна станица за собирање и третман на отпадни води е на КП 334 и КП 331/1 м.в. Калимерово со површина од 3.7 ha, во општина Штип, со проектиран капацитет од 46.400 еквивалент жители.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ДТКУ "ЕКО МОЗАИК" ДООЕЛ од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
Директор / Drejtor
**Hisen Xhemaili**

Изработил/Përpiloi: Ismet Sadiku
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk